ЗАПИСНИК

Од одржаната **22-ра седница на Советот на Општина Новаци** одржана на ден **31.01.2023** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци: Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата се присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител, Летка Јовановска - раководител, Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – соработник,

Гости: Александар Стефановски-директор на ЈПКД„ Комунална Хигиена“-Новаци, Марина Кузмановска-директор на ЈОУГД „Бамби“-Новаци.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 21-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 до 31.12.2022 год.;
3. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;
4. Разгледување и донесување на Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Новаци на здруженија на граѓани, фондации како: спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично;
5. Разгледување и усвојување на Предлог Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2023 год.;
6. Разгледување и донесување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2023 год.;
7. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош за новороденo дете од подрачјето на Општина Новаци;
8. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ученици запишани во прво одделение во ООУ „Славко Лумбарковски„ Новаци и неговите подрачни училишта;
9. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на установата ОУ„Славко Лумбарковски“-Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2022 до 31.12.2022 год.;
10. Разгледување и усвојување на Статутарна одлука за дополнување на основен Статут на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци;
11. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на ЈОУДГ „Бамби“ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2022 до31.12.2022 год.;

12. Разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци;
13. Разгледување на Барање од Благоја Јовановски од с. Новаци за одобрување на градежен материјал (50 метри цевка Ф150) за одвод на атмосверка вода;
14. Советнички прашања.

Пред гласање на Дневниот ред на 22–та Седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците дополнување на Дневниот ред со 1 точка која неодложно треба да се разгледува на оваа седница:

1. Предлог - Одлука за обезбедување на средства за надоместок за воспоставување на службеност и потполна експропријација за изградба на улица од Пошта до Златен клас во с. Новаци до крај на канал, Општина Новаци.

Претседателката на Советот Славица Најдовска-Стојковска им предложи на советниците да се прифати дополнувањето на Дневниот ред со предложената точка и така што предложената точка да биде точка бр.14, а точката бр.14 која се однесува на Советнички прашања, преминува во точка бр.15.

Предлогот за дополнетиот Дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за.**

*(за време на гласањето на Дневниот ред, советничката Сузана Јовановска не беше присутна на седницата)

1. **точка**: **Разгледување и усвојување на Записникот од 21-та седница на Совет на Општина Новаци**

По разгледувањето, Записникот од 21-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка: Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 до 31.12.2022 год.**

Оливера Димитровска – раководител на одд. за финансии детално го образложи кварталниот извештај според кој остварувањето на буџетот на Општина Новаци изнесува 70%. Доспеаните обврски изнесуваат 56.000.000,00 ден., но во овој износ не се вклучени цесиите кои се исплатуваат од страна на Министерството за животна средина директно на изведувачот, затоа што Општина Новаци го нема повратно добиено договорот за цесијата. По добивањето на договорот обврските ќе бидат раснижени.

По разгледувањето на Квартален извештај, Советот на Општина Новаци гласаше и со **6 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

*(советникот Иванчо Котевски во моментот на гласањето на втората точка не беше присутен на седницата)

3. **точка: Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;**

Анета Киселоска–раководител на Одд. за правни, општи работи и јавни дејности на советниците им објасни дека измената се состои во промена на фурмулацијата во член 9 и 18, што од своја страна не прави никаква суштинска промена во Одлуката.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

*По разгледувањето и гласањето на третата точка, советникот Љупчо Петровски се извини пред советот и од оправдани приватни причини ја напушти седницата, така што Советот продолжи со работа со 8 советници.

4. **точка: Разгледување и донесување на Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Новаци на здруженија на граѓани, фондации како: спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно- уметнички друштва, верски заедници и сл.**

По однос на четвртата точка Градоначалникот Стевче Стевановски пред советниците даде објаснување за Методологијата, која ги определува критериумите според кои за здруженија на граѓани, фондации како: спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно- уметнички друштва, верски заедници и слично, кои би се јавиле на Јавен повик кој Општина Новаци ќе го распиши во месец Февруари 2023г., ќе им додели еднократна финансиска помош за реализирање на сопствените активности. Советникот Горан Велјановски постави прашање кои здруженија на граѓани и фондации имаат право да се аплицираат на јавниот повик. Градоначалникот Стевановски одговори дека тоа се здруженија, фондации и сл. кои се регистрирани во Општина Новаци и здруженија чии активности се реализираат на територијата на општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Новаци на здруженија на граѓани, фондации како: спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно- уметнички друштва, верски заедници и слично

5. **точка: Разгледување и усвојување на Предлог Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2023 год.;**

По однос на оваа точка, советниците ги разгледаа Предлог Акционен план и Програмата така што Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2023 год.

6. **точка: Разгледување и донесување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2023 год.;**

Советниците ја разгледаа Програмата која беше презентирана од страна на раководителот Летка Јовановска–раководител на одд. за животна средина, урбанизам, сообраќај и комунални дејности, со која се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации како и определување на надоместокот и начинот на задржување и насочување на средствата за уредување на земјиштето.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2023 год.

7. **точка: Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош за новородено дете од подрачјето на Општина Новаци**

На претходните седници Советниците преложија да се зголеми висината на еднократната парична помош за новородено дете од 6.000,00 ден. бруто износ во 6.000,00 ден. нето износ.

Соодветно на тоа Советот **едногласно** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош за новородено дете од подрачјето на Општина Новаци.

8. **точка: Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ученици запишани во прво одделение во ООУ „Славко Лумбарковски„ Новаци и неговите подрачни училишта**

Како и за претходната точка така и за осмата точка, Советниците на претходните седници преложија да се зголеми висината на финансиските средства кои се доделуваа на родители кои во тековната учебна година се запишуваат во прво одделение.Тие предложија висината на финансиските средства за таа намена да изнесуваат 6.000,00 ден. во нето износ.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ученици запишани во прво одделение во ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци и неговите подрачни училишта.

9. **точка: Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на установата ОУ„Славко Лумбарковски“-Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2022 до 31.12.2022 год.;**

По однос на оваа точка Советниците го разгледаа Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на основното училиште кој се однесува за последниод квартал во календарската 2022 г. и притоа немаа никакви забелешки.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци за 2022 година.

10. **точка: Разгледување и усвојување на Статутарна одлука за дополнување на основен Статут на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци;**

По однос на десетта точка советниците беа информирани дека ваквата Одлука со која се дополнува Статутот на ООУ „Славко Лумбарковски“ се врши во согласност со Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која форма на насилство , злоупотреба и занемарување од страна на Министерството за образование и наука.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ ’’Славко Лумбарковски“ Новаци

11. **точка: Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на ЈОУДГ „Бамби“ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2022 до31.12.2022 год.**

Кварталниот извештај за извршување на буџетот на ЈОУДГ „Бамби“ го презентираше директорката Марина Кузмановска при што детално ги објаснување приходите и расходите од наменската и самофинансирачката сметка на детската градинка. Градоначалникот Стевановски на Директорката и постави прашање зошто на крајот од календарската година МТСП повлече финансии од сметката на градинката што било случај и со ООУ „Славко Лумбарковски“. На ова директорката Кузмановска одговори дека наведените финансиите МТСП ги префрлило на сметката на градинката во месец октомври т.е на крајот на календарската година. До крајот на годината таа успеала да потроши само 180.000,00 ден т.е. по 60.000,00 ден месечно колку што е според законската регулатива дозволен лимит за набавка без објавување на тендер. За поголемо т.е. капитално вложување на финансии потребна е долготрајна и комплицирана постапка која не била возможна со оглед на тоа што е крај на календарската година.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци **со 7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на ЈОУДГ ’’Бамби“ Новаци за 2022 г.

12. точка: Разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци;

Советот на Општина Новаци по разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД „Комунална Хигиена“ разви дискусија во која директорот Александар Стефановски пред советниците даде објаснување како настанала потребата од доставување на ова Барање до Советот на општина Новаци. Имено, тој појасни дека со тек на време се зголемиле расходите на претпријатието за 4 пати , додека приходите се зголемиле само за 2 пати. Соодветно на тоа се јавила разлика која во моментот ЈПКД „Комунална Хигиена“ не е во можност да ја подмири и затоа било потребно да се земе кредит. Една рата во износ од 1.200,000,00 ден. од кредитот потребно е да се врати што е можно побрзо за да може претпријатието да прикаже позитивен биланс на крајот од календарската година која од своја страна овозможува претпријатието да биде повторно кредитоспособно.

На ова претседателката Најдовска-Стојковска го предложи следното: бидејќи во 2023 год. во општина Новаци ќе се прави ревизија на работењето на општината, тогаш ќе се побара од ревизорите да се направи ревизија на потребата за земање на кредитот т.е да се испита зошто се земени и како се потрошени финансиите од кредитот во висина од 3.000.000,00 ден., поради што во моментот Општина Новаци треба да издвои 1.200.000,00 ден. од сопствениот буџет за да го субвенционира ЈПКД „Комунална Хигиена“ во подмирување на првата рата од долгот по основ на краткорочен кредит.

По дискусијата Советот на општина Новаци со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци за отплата на дел од кредит кон Стопанска Банка АД Битола.

13. точка: Разгледување на Барање од Благоја Јовановски од с. Новаци за одобрување на градежен материјал (50 метри цевка Ф150) за одвод на атмосверка вода;

Советниците го разгледаа Барање од Благоја Јовановски кој има проблем со одведувањето на атмосверската вода и поради тоа често му се поплавува дворното место.

Советот гласаше и со **8 гласа за** донесе Одлука за одобрување на набавка на градежен материјал - цевка Ф150 мм во с.Новаци.

14. точка: Предлог - Одлука за обезбедување на средства за надоместок за воспоставување на службеност и потполна експропријација за изградба на улица од Пошта до Златен клас во с. Новаци до крај на канал, Општина Новаци

Раководителот Летка Јовановска, пред советниците ја објасни потребата од изградба на улица во делот наменет за индустриска зона во с.Новаци за која е потребна да се направи потполна експропријација на земјиштето.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за обезбедување на средства за надоместок за воспоставување на службеност и потполна експропријација за изградба на улица од Пошта до Златен клас во с. Новаци до крај на канал, Општина Новаци.

15. точка: Советнички прашања.

По однос на оваа точка од страна на советниците беа поставени две прашања**:**

1.Советникот Горан Велјановски постави прашање за тоа до каде е постапката за доделување на еднократна парична помош на Драги Лаковски чија семејна куќа беше зафатена од пожар.

На ова Градоначалникот Стевановски одговори дека стручното лице вработено во општина Новаци излезе на терен и во моментот ја изготвува проценката врз која советниците ќе можат да донесат Одлука за висината на финансиската помош која Општина Новаци ќе ја додели на Драги Лаковски.

2.Советникот Иванчо Котевски постави прашање до Градоначалникот дали Општина Новаци ги исплати финасиските средства што Советот на Општина Новаци ги одобри на ПЗУ “Поликлиника Др.Соња“ с.Новаци во износ од 150.000,00 денари за поставување на инсталација за парно греење на палети во амбулантата во с.Новаци.

На ова прашање одговор даде Анета Киселоска-раководител која објасни дека општината не можи да финансира приватни субјекти односно институции кои таа не ги основала.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____